Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-425/2 од 20.01.2014 година, на 2-та седница одржана на 20.01.2014 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. Се усвојува Ребалансот на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, со цел да се обезбедат средства за финансиско – осигурителни услуги.

Со Ребалансот на Финансискиот план за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат **198.994.898,00** денари.

Ребалансот треба да се изврши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014 година и тоа:

- Да се намали групната ставка **400 Потрошени материјали** и наместо износот од 1.239.000,00 денари истиот да изнесува 1.238.000,00 денари.

- Позицијата 400500 Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл., ќе се намали за 1.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 250.000,00 денари, ќе изнесува 249.000,00 денари.

- Да се зголеми групната ставка **412 Премии за осигурување** за 1.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 140.000,00 денари истата да изнесува 141.000,00 денари.

- Позицијата 412100 Премии за осигурување недвижности и права, наместо досегашниот износ од 60.000,00 денари, ќе изнесува 73.200,00 денари.

- Позицијата 412200 Премии за осигурување на моторни возила, наместо досегашниот износ од 80.000,00 денари, ќе изнесува 67.800,00 денари.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-425/2 од 20.01.2014 година, на 2-та седница одржана на 20.01.2014 година, донесе одлука да се усвои предложениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, од 20.01.2014 година, со цел да се обезбедат средства за финансиско – осигурителни услуги. Со предложениот Ребалансот на Финансискиот план за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 198.994.898,00 денари. Ребалансот треба да се изврши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014 година и тоа: Да се намали групната ставка 400 Потрошени материјали и наместо износот од 1.239.000,00 денари истиот да изнесува 1.238.000,00 денари. Позицијата 400500 Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл., ќе се намали за 1.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 250.000,00 денари, ќе изнесува 249.000,00 денари. Да се зголеми групната ставка 412 Премии за осигурување за 1.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 140.000,00 денари истата да изнесува 141.000,00 денари. Позицијата 412100 Премии за осигурување недвижности и

права, наместо досегашниот износ од 60.000,00 денари, ќе изнесува 73.200,00 денари. Позицијата 412200 Премии за осигурување на моторни возила, наместо досегашниот износ од 80.000,00 денари, ќе изнесува 67.800,00 денари.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-454/1

20.01. 2014 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот - архива.